АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1978 | 1 | |


Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот "Убавина&здравје", и тоа:

   - изданието бр.82 на месечниот магазин „Убавина&здравје“ од март 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 март 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, ја исполнува обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор е констатирано дека Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на месечниот магазин „Убавина&здравје“, во изданието бр.82 од март 2015 година само делумно ја исполнило обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавило податоците за:

   - адресата на седиштето на издавачот на медиум

7. **Опис на прекршувањето:**

Со надзорот врз Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост** обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи во предвид дека Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје во текот на 2015 година не е опоменето за прекршување на член 12 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***